До:	Град Скопје
	Сектор за заштита на животната средина и природата
Предмет:	Дополнување на барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола
Врска:	Допис арх. бр. 08-3871/5 од 10.07.2026 год.
Датум:	Август 2026 година

Врз основа на добиен Заклучок (Град Скопје, арх. бр. 08-3871/5 од 10.07.2026 год.), се задолжува друштвото за производство и одгледување на живина Голден Ег ДООЛ с. Визбегово Скопје за да направи дополнување на барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола.

Во прилог на овој допис доставуваме дополнување на барањето за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола на друштвото за производство и одгледување на живина Голден Ег ДООЛ с. Визбегово Скопје, според насоките од добиениот заклучок.

Скопје, Август 2026 година

Голден Ег ДООЛ

Емин Зеќири
Управител

ДОПОЛНУВАЊЕ

на барањето за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола на друштвото за производство и одгледување на живина Голден Ег ДООЛ с. Визбегово Скопје

Во продолжение се дадени одговори и податоци согласно добиениот заклучок (даден во прилог 1).

Заклучок
Во Глава IV. Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата, потребно е да се дополни барањето со следните податоци: • Да се образложи начинот и местото на полнење на механизацијата со нафта и доколку истата се складира на локацијата, да се објаснат начинот и условите на складирањето, како и достави договор со фирма од која се набавува нафтениот дериват.
Одговор:
На самата локација на инсталацијата не се врши складирање на нафта во дополнителни резервоари или складишта. За потребите на инсталацијата се користи еден дизел агрегат со вграден фабрички резервоар со капацитет од 150 литри. Агрегатот е лоциран во просторот зад објектот, поставен на непропустлива (бетонска) подлога и заштитен, со што целосно се спречува какво било влијание врз животната средина или почвата. Оваа опрема се користи исклучиво по потреба како алтернативен извор на енергија (при прекин во редовното снабдување со струја), поради што потрошувачката е минимална и резервоарот може да нема потреба од дополнување во тек на цела година. Нивото на гориво редовно се следи преку вграден индикатор. Доколку се јави потреба од дополнување, истото се врши безбедно со рачен дотур со помош на преносни канистри од 20 литри. Горивото се набавува директно од бензинската пумпа на „ЕУРО АКТИВА ГОЛД“ ДООЕЛ, согласно приложениот Договор за деловна соработка, со што се елиминира потребата од чување нафтени залихи на локацијата.

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ
Бр. 01/25
04.12. 2025 год.
ВИЗБЕГОВО СКОПЈЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
ЕВРОАКТИВА ГОЛД ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 0201-45/25
05.02. 2025 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за деловно-техничка соработка

Склучен на ден 04.12.2025 година, помеѓу:

1. **Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО АКТИВА ГОЛД ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**, со седиште на ул. Хасан Приштина бр. 114 Скопје ,ЕМБС 7847246,претставувано од овластено лице управител Нухи Алиу со живеалиште на ул.Иса Болетини бр.34Б во Скопје – Бутел, со ЕМБГ 0705960450128 (во понатамошниот текст прва договорна страна – продавач)

од една страна, како прва договорна страна, и

2. **Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје** со седиште на ул.1552 бр 70 Визбегово,ЕМБС 6459064 и ЕДБ 4038009500253, претставувано од овластено лице управител Емин Зеќири,

од друга страна, како втора договорна страна.

Договорните страни со своите потписи на овој договор ја изразија својата согласност со содржината на одредбите од овој договор, определувајќи и утврдувајќи го следното:

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

Член 1

Предмет на овој договор е уредување на односите помеѓу договорните страни, на начин што се уредува предметот на деловно-техничката соработка помеѓу договорните страни, специфичностите на истата, како и начинот на плаќање.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Договорот се склучува, сметано од денот на потпишувањето на договорот, 04.12.2025 година, а заклучно со _____ година.
Времетраењето на договорот може да биде продолжено со взаемна согласност на двете договорни страни, на начин што ќе биде склучен анекс на истиот.
Договорот може да се продолжи месец дена пред истекот на рокот од став 1 од овој член.

МЕЃУСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ

Член 3

Првата договорна страна е сопственик на бензинска пумпа со маркет.

Член 4

Со потпишувањето на овој договор, првата договорна страна се обврзува за потребите на втората договорна страна да овозможи:

- точење гориво на бензинската;
- набавка на роба од маркетот.

Член 5

Со потпишувањето на овој договор, втората договорна страна потврдува дека, во негово име и за негова сметка, правото од член 4 ќе го користат исклучиво возилата кои се наведени во спецификација од 04.12.2025 година, издадена од страна на втората договорна страна.

Член 6

Доколку во текот на траењето на овој договор дојде до било каква измена на возилата од спецификацијата од член 5 на овој договор, втората договорна страна е должна веднаш да ја извести првата договорна страна и веднаш да достави нова спецификација на возила што, во негово име и за негова сметка, ќе можат да го користат правото утврдено во член 4 од овој договор.
Втората договорна страна се обврзува новата спецификација да ја издаде со архивски-деловоден број и датум на издавање.
Врз основа на новата спецификација од став 2 од овој член, договорните страни се обврзуваат во рок од два дена од денот на даденото известување да склучат анекс на овој договор.

Член 7

Првата договорна страна се обврзува за секоја извршена услуга од член 4 од овој договор да издаде уредна испратница (со датум и број на издавање), во која ќе бидат наведени видот и количината на стоките и поединечните цени на истите.
Втората договорна страна е должна да ја прими и чува издадената испратница од став 1 од овој член.

Член 8

Врз основа на испратниците од член 7, првата договорна страна изготвува фактура што ја доставува до втората договорна страна.Рабатот ќе биде пресметан во самата фактура и истиот изнесува 2.5 денари за сите горива.
За секоја задоцнета исплата на фактурите, втората договорна страна е должна да плати законска затезна камата.Купувачот да ги има измирено предходно сите финансиски обврски кон Продавачот

Член 9

Со потпишувањето на овој договор, првата договорна страна ѝ потврдува на втората договорна страна дека ќе ги наплатува стоките по цената што е важечка во денот кога е извршена набавката на истите од страна на овластеното возило на втората договорна страна.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Овој договор може да биде изменет и дополнет со согласност на двете договорни страни, на начин што за секоја измена и дополнение ќе биде изготвен анекс недвосмислено потпишан од двете договорни страни, кој ќе се смета за интегрален дел на овој договор.

Член 11

За сите прашања што со овој договор не се предвидени, ќе важат одредбите на Законот за облигациони односи.

Член 12

Ако помеѓу договорните страни дојде до било какво недоразбирање или спор во врска со толкувањето или примената на одредбите на овој договор, договорните страни се согласуваат да се обидат да го решат со добра волја и спогодбено.
Доколку договорните страни не успеат да постигнат решение, месно и стварно надлежен за решавање на спорот ќе биде Основниот суд Скопје 2 – Скопје.

Член 13

Овој договор е склучен во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по еден за секоја страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

Прва договорна страна:
ЕУРО АКТИВА ГОЛД ДООЕЛ

Втора договорна страна:
ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ

Заклучок

Во Глава V, Цврст и течен отпад, потребно е да се дополни барањето со следните податоци:

1. Договор за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад склучен со ЈП Комунална хигиена Скопје, како овластен постапувач со овој вид отпад на подрачјето на град Скопје.
2. Дозвола за собирање и транспорт на прехрамбени стоки (отпад од животинско потекло), издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање;
3. Договор за снабдување со вода и одведување на урбани отпадни води со ЈП Водовод и каналзиација, со седиште на ул. 1552 бр. 70 Визбегово, општина Бутел.

4. Договор за одржување и сервисирање на инсталираните машини во производниот процес.
5. Да се достави детален опис (тип и колична) на механизацијата, информација за начинот на сервисирање на целокупната механизација.
6. Да се достават дозволи и лиценци со постапувачите на отпад, односно доказ дека истите поседуваат дозвола за собирање, складирање и третман на соодветниот тип на отпад.

Одговор:

1. Договор за собирање и транспортирање на комунален отпад

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja publike Higjiena komunale - Shkup

Број/numër 03-28552
Датум/data 27-07-2026

Друштво за производство и одгледување
ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ
Бр. 01/26
27.07.2026 год.
с. ВИЗБЕГОВО СКОПЈЕ

ДОГОВОР/ MARRËVESHJE
за вршење на услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад /
për kryerjen e shërbimit të mbledhjes, transportimit dhe deponimit të mbetjes komunale

Склучен на ден/ E lidhur më date _____ помеѓу / mes,

1. **ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛНА ХИГИЕНА – СКОПЈЕ/**
NDËRMARRJES PUBLIKE HIGJIENA KOMUNALE - SHKUP
Ул. Боро Тодоровиќ Бр.2 Скопје/ Rr. Boro Todoroviq Nr. 2 Shkup
ЕДБ/ NVT: 4030992102919
ЕМБС/ NVPS: 4528972
Застапувано од **в.д. Директор/ u.d. Drejtor: Драги Митковски/ Dragi Mitkovski**
(во понатамошниот текст: **Давател на услугите**), и
(në tekst më tutje - **Dhënës i shërbimeve**), dhe

2. **Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје/**
Седиште/ selia: Ул.1552 бр.70 Визбегово Скопје
Објект/ objekti: Ул.1552 бр.70 Визбегово Скопје
даночен број / numri tatimor : 4038009500253
депонент/жиро сметка/ deponent / xhiro-llogaria:380077487500189 Прокредит Банка
Застапувано од **Управител/** Përfaqësuar nga **Drejtuesi Емин Зејири/Emin Zeqiri**
(во понатамошниот текст: **Корисник на услугите**)/ (Në tekst më tutje: **Shfrytëzues i shërbimeve**)

Член 1

Предмет на овој Договор е собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од деловниот објект на **Ул.1552 бр.70 Визбегово Скопје** на Корисникот на услугите, како и изнајмување на сад за одлагање отпад.

Neni 1

Lëndë e kësaj Marrëveshjeje është mbledhja, transportimi dhe deponimi i mbetjes komunale nga objekti afarist në Ул.1552 бр.70 Визбегово Скопје i Shfrytëzuesit të shërbimeve si dhe marrja me qira e enës për hedhjen e mbetjes.

Член 2

Корисникот на услугите поседува **1(еден)** специјален сад за времено одлагање на комунален отпад со зафатнина од **1.1m³**.

Neni 2

Shfrytëzuesi i shërbimeve ka **1 (një)** enë speciale për hedhjen e mbetjes komunale në kohë me kapacitet prej **1.1m³**.

1.

Член 3

Давателот на услугата ќе врши собирање и транспортирање на комуналниот отпад 1(еднаш) месечно ,втор петок во месецот.

За оваа услуга, Давателот на услугите на Корисникот на услугите, согласно важечкиот Ценовник, ќе му наплати паричен износ во висина од **811,00 ден** од едно подигнување на сад, без вклучен **ДДВ** од **5%.**

Neni 3

Dhënësi i shërbimeve do të kryej mbledhjen dhe transportimin e mbetjes komunale 1 (një) herë në javë..

Për këtë shërbim, Dhënësi i shërbimeve në përputhje me Çmimoren që është në fuqi, do t'i paguajë në shumë mujore në para në lartësi prej **811,00 den** për një ngritje të enës, pa parfshirë **TVSH**-në prej **5%.**

Член 4

Во случај на потреба од дополнителна услуга за собирање и транспортирање на комуналниот отпад, Корисникот на услугата ќе достави писмено барање до Давателот на услугата преку факс на број **02 321-6644** или на е-маил **grizazakorisnici@khs.mk.**

Давателот на услугите се обврзува, согласно со Оперативните планови, дополнителната услуга да ја изврши во рок од 48 часа од добивањето на барањето и за тоа ќе го извести Корисникот на услугите.

За дополнителната услуга Давателот на услугата на Корисникот на услугата, согласно важечкиот Ценовник, ќе му наплати паричен износ во висина од **811,00 ден** од едно подигнување на садот, без вклучен **ДДВ** од **5%.**

Neni 4

Në rast nevoje për shërbim shtesë për mbledhjen dhe transportimin e mbetjes komunale, Shfrytëzuesi i shërbimit do të dorëzojë kërkesë me shkrim deri te Dhënësi i shërbimive përmes faksit në numrin **02 321-6644** ose në e-mail **grizazakorisnici@khs.mk.**

Dhënësi i shërbimeve obligohet që në përputhje me Planet Operacionale, të kryejë shërbimin shtesë në afat prej 48 orëve nga marrja e kërkesës dhe për këtë do të njoftojë Shfrytëzuesin e shërbimeve.

Për shërbimin shtesë, Dhënësi i shërbimeve në përputhje me Çmimoren që është në fuqi, Shfrytëzuesit të shërbiemve do t'i paguajë shumë mujore në para në lartësi prej **811,00** për një ngritje të enës, pa parfshirë **TVSH**-në prej **5%.**

Член 5

Корисникот на услугите при секое собирање и транспортирање на комуналниот отпад од изнајмениот специјален сад за времено одлагање на комунален отпад, согласно член 3 од овој Договор, на Давателот на услугите ќе му издаде уредно пополнети Идентификационен и Транспортен формулар, согласно Законот за управување со отпад ("Сл. весник на РСМ" бр. 216/21) и другите подзаконски акти кои ја регулираат оваа област.

Давателот на услугите при секое собирање и транспортирање на комуналниот отпад од изнајмениот сад, на Корисникот на услугите ќе му издава Потврда, која овластено лице од Корисникот на услугите ја потпишува и примерок од истата задржува за себе.

Neni 5

Shfrytëzuesi i shërbimeve gjatë çdo mbledhje dhe transporti të mbetjes komunale nga ena e veçantë e marrë me qira për hedhjen e përkohshëm të mbetjeve komunale, në përputhje me nenin 3 të kësaj Marrëveshjeje, do t'i lëshojë Dhënësit të shërbimeve formular identifikimi dhe transporti të plotësuar siç duhet, në përputhje me Ligjin për Menaxhim me mbetje ("Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 216/21) dhe akte të tjera nënligjore që rregullojnë këtë fushë.

Dhënësi i shërbimeve, gjatë çdo mbledhje dhe transporti të mbetjes komunale nga ena e marrë me qira, do t'i lëshojë Shfrytëzuesit të shërbimeve Konfirmim, i cili nënshkruhet nga personi i autorizuar i Shfrytëzuesit të shërbimeve dhe kopje nga e njëjta mbanë për vete.

Член 6

Давателот на услугите, на крајот од месецот, за сите извршени услуги во текот на месецот, наведени во член 2 и член 3 од овој Договор, на Корисникот на услугите ќе му достави фактура. Составен дел на фактурата се потврдите за извршена услуга собирање и транспортирање на комунален отпад.

Корисникот на услугите е должен уредно да ги плаќа доставените фактури од Давателот на услугите до **8-ми** во тековниот за претходниот месец.

Neni 6

Dhënësi i shërbimit, në fund të muajit, për të gjitha shërbimet e kryera gjatë muajit, të përcaktuara në nenin 2 dhe nenin 3 të kësaj Marrëveshjeje, do t'i dorëzojë faturë Shfrytëzuesit të shërbimeve. Pjesë përbërëse e faturës janë konfirmimet për shërbimin e kryer mbledhjen dhe transportimin e mbetjes komunale.

Shfrytëzuesi i shërbimeve është i detyruar të paguajë në mënyrë të rregullt llogarinë e dorëzuara nga Dhënësi i shërbimeve deri **më 8-të** të muajit aktual për muajin e kaluar.

Член 7

Доколку Советот на Град Скопје, во период на времетраење на Договорот, изврши промена во методологијата на пресметување на цените на комуналните услуги, Давателот на услугите го задржува правото истите да ги промени.

Neni 7

Në qoftë se Këshilli i Qytetit të Shkupit, gjatë periudhës së kohëzgjatës së Marrëvshjes, bën ndryshim të metodologjisë për llogaritjen e çmimeve të shërbimeve komunale, Dhënësi i shërbimeve e mban të drejtën që t'i ndryshojë të njëjtat.

Член 8

Измени и дополнувања на овој Договор, може да се вршат со претходна писмена согласност на двете договорни страни, со исклучок на член 7 од овој Договор.

Neni 8

Ndryshimet dhe plotësimet e kësaj Marrëveshjeje, mund të bëhen me pëlqim të shkruar nga të dy palët e marrëveshjes, me përjashtim të nenit 7 të kësaj Marrëveshjeje.

Член 9

Корисникот на услугите се обврзува за сите промени настанати во врска со називот, адресата, површината и друго писмено да го извести Давателот на услугите.

Neni 9

Shfrytëzuesi i shërbimeve obligohet që për të gjitha ndryshimet që ndodhin në lidhje me emrin, adresën, sipërfaqen dhe të tjera, ta njoftojë me shkrim Dhënësin e shërbimeve.

Член 10

Во случај на напуштање на деловниот простор, Корисникот на услугите е должен веднаш писмено да го извести Давателот на услугите.

Neni 10

Në rast të lëshimit të hapësirës afariste, Shfyrtëzuesi i shërbimit është i obliguar që menjëherë me shkrim ta njoftoj Dhënësin e shërbimit.

Член 11

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од **ЗОО**.

Neni 11

Për gjithçka që nuk është paraparë me këtë Marrëveshje, do të zbatohen dispozitat e **LMO**

Член 12

Во случај на евентуални недоразбирања по однос на одредбите од овој Договор, договорните страни ќе настојуваат истите да ги решат спогодбено. Доколку тоа не е возможно, согласни се спорот да го реши надлежниот Основен Граѓански Суд Скопје.

Neni 12

Në rast të keqkuptimeve të mundshme në lidhje me dispozitat e kësaj Marrëveshjeje, palët e marrëveshje do të përpiqen t'i zgjidhin të njëjat në mënyrë miqësore. Nëse kjo nuk është e mundur, ata pajtohen që kontestin ta zgjidhë Gjykata Themelore Civile kompetente në Shkup.

Член 13

Договорот стапува во сила со денот на неговото потпишување од договорните страни и ќе трае се додека една од договорните страни писмено не побара негово раскинување, во случаи определени со закон.

Отказниот рок ќе трае **30 (триесет) дена**.

Neni 13

Marrëveshja hyn në fuqi në ditën e nënshkrimit të saj nga palët e marrëveshjes dhe do të zgjasë derisa njëra nga palët e marrëveshjes të kërkojë prishjen e saj me shkrim, në rastet e përcaktuara me ligj.

Afati i njoftimit do të zgjasë **30 (tridhjetë) ditë.**

Член 14

Овој Договор е направен во 5 (пет) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за Корисникот на услугите и 3 (три) примероци за Давателот на услугата.

Neni 14

Kjo Marrëveshje është bërë në 5 (pesë) ekzemplarë nga të cilat nga 2 (dy) ekzemplarë për Shfrytezuesin e shërbimeve dhe 3 (tre) ekzemplarë per Dhënësin e shërbimit

ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА СКОПЈЕ/
NP HIGJIENA KOMUNALE - SHKUP
в.д Директор, / u.d.Drejtor,

Драги Митковски/
Dragi Mitkovski

ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ Скопје/
Управител / Drejtues,

Емин Зеќири/
Emin Zeqiri

2. Решение за одобрување на оператор, објект или погон за нуспроизводи од животинско потекло

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

УП – I Бр. 17-5117
Датум 25 -04- 2025

Агенцијата за храна и ветеринарство, решавајќи по барање УП- I Бр. 17- 5117 од 11.12.2024 година доставено од страна на ДПЕЕ ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО, Градско, со седиште на ул. Автопат бр. 4 Градско, со единствен матичен број 7420129 за одобрување на оператор, објект или погон со нуспроизводи од животинско потекло, а врз основ на член 26 од Законот за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 129/23) го донесе следното

РЕШЕНИЕ

за одобрување на оператор, објект или погон за нуспроизводи од животинско потекло

1.Назив на правното лице	ДПЕЕ ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско
2. ЕМБС на правното лице	7420129
3.Број на одобрение	МК АВР 05 06 005
4. Адреса на правното лице	ул. Автопат бр. 4 Градско
5.Одговорно лице во правното лице	Ванчо Георгиев
6.Адреса на објектот	ДПЕЕ ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско ул. Автопат бр. 4 Градско
7.Активност која се врши	Производство на биогас (Категорија 2 материјал на нуспроизводи од животинско потекло: штално ѓубриво и содржина од дигестивен систем)
8.Капацитет	150.000 тони /годишно
Забелешка:	/

Носителот на решението е должен да ја извести Агенцијата за храна и ветеринарство за секоја настаната измена во просторот, инфраструктурата, опремата и активностите во рок од 15 дена од настанување на промената.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Постапувајќи по барањето УП- I Бр. 17- 5117 од 11.12.2024 година за одобрување на оператор, објект или погон за нуспроизводи од животинско потекло, на ДПЕЕ ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско со седиште на ул. Автопат бр. 4 Градско, стручната комисија формирана од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство со решение број 02 – 2942/1 од 04.11.2024 година изврши преглед на

пропратната документација доставена кон барањето и преглед на самото место констатирано со Комисиска контролна листа 17- 5117 од 02.01.2025 година и достави мислење бр. 17- 5117 од 03.01.2025 година за исполнување на барања во поглед на инфраструктурата и опремата и издавање на Решение за времено одобрување на оператор, објект или погон за нуспроизводи од животинско потекло УП- I Бр. 17-5117 од 03.01.2025 година. На ден 02.04.2025 година стручната комисија изврши повторен преглед на самото место констатирано со Комисиска контролна листа 17-5117 од 02.04.2025 година и достави мислење 17-5117 од 03.04.2025 година за исполнување на барањата согласно Законот за нуспроизводи од животинско потекло. При втората посета е приложена и нова Тековна состојба од Централен Регистар на Република Северна Македонија дигитално потпишан примерок од 12.02.2025 година за промена на одговорно лице во правното лице без промена на матичниот и даночен број на правното лице.
Врз основа на горенаведеното, а согласно член 26 од Законот за нуспроизводи од животинско потекло се одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Жалба против ова решение се изјавува во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Административна такса од ЗАТ во износ од 400,00 денари е приложена кон барањето.
Надоместокот согласно Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Северна Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна исплата, во износ од 22.000,00 денари е приложен кон барањето.

Директор,
д-р Оливер Милановиќ

Изработил: Наташа Антовска
Контролирал: Аднад Османи
Одобрил и потпиша: Славко Арсов

Доставено до:
- Именуваниот
- Архива на АХВ
- ПЕ Велес

3. Договор за снабдување со вода и одведување на урбани отпадни води



ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ВИЖ-851-702-14

ШИФРА ОД ФАКТУРА 2540768

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за комуналните дејности и член 48 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, ги склучи следниот:

ДОГОВОР

Склучен на ... 20.. година, помеѓу:

Давател на услуга: ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА - СКОПЈЕ	
Адреса: ул. „Лазар Личеновски" бр.9 Скопје	
и	
Корисник на услуга:	
Адреса од л.к.:	
Адреса на објект:	
ЕМБГ/ЕДБ:	Број на л.к.:
Контакт телефон:*	е-пошта:*

Член 1

Предмет на овој договор е остварување на меѓусебните права и обврски согласно одредбите од Законот за комуналните дејности и Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Член 2

Давателот на услугата се обврзува да врши (да се означи со X услугата која е предмет на договорот):

☐ редовно и непрекинато снабдување со исправна вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем;

☐ одведување на урбаните отпадни води преку изградениот канализационен систем,

освен во случаи утврдени со законот.

Член 3

Количината на потрошената вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, ќе се мери со водомер/и (да се означи со X):

☐ главен
☐ посебен/и

Број	Марка	Димензија	Состојба	
_____	_____	_____	_____	Х. В.
_____	_____	_____	_____	Х. В.
_____	_____	_____	_____	Х. В.
_____	_____	_____	_____	Х. В.

Член 4

Давателот на услугата се обврзува да тој чита водомерот/ите и да доставува фактура (сметка) за месечна потрошувачка преку пошта или овластен работник.

Член 5

Плаќањето за извршената услуга ќе се врши по доставена фактура (сметка) за месечната потрошувачка на вода (врз основа на состојба регистрирана на водомерот од член 3 на овој договор), или по утврдена просечна месечна потрошувачка во месецот кога не се врши читање, овој месец, во денари по м³, по цена определена со Одлука на давателот на услугата. За секоја промена на цената, корисникот на услугата ќе биде известен со доставената фактура/сметка.

Член 6

Ако со водомерот поради различни причини не може да се утврди отчитаната потрошена количина на вода до поставување на исправен водомер, пресметката и наплатата ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка, пред констатирањето на неисправноста на водомерот, а доколку тоа неможе да се утврди пресметката и наплатата ќе се врши по 10м³ по член на семејно домаќинство.

Во случај од став еден на овој договор, корисникот и должен на соодветна сметка во рок од еден месец да обезбеди исправен водомер, а доколку не го стори тоа, давателот на услугата на сметка на корисникот на услугата ќе поставии исправен водомер.

Член 7

Корисникот на услугата е должен да овозможи несметан пристап во зградата или друг објект на овластен работник на давателот на услугата, заради читање на водомерите и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на водоводната мрежа и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на јавната водоводна мрежа.

Член 8

Приклучувањето на водоводната и канализационата мрежа, отворање и затворање на арматурата од двете страни на водомерот, монтирање и демонтирање, чистење, поставување и замена на водомерите од член 3 на овој договор го врши исклучиво давателот на услугата на сметка на корисникот.

Член 9

Корисникот на услугата е должен редовно да ја одржува внатрешната водоводна инсталација, водомерната шахта или местото каде е поставен водомерот, како и истиот да го заштитува од механички и други оштетувања.

Член 10

Корисникот на услугата е должен веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена по откривањето на секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок, водоводната шахта и канализационата мрежа, како и сите измени кои влијаат на големината на водоснабдувањето или пресметката на потрошената вода, да го извести давателот на услугата (во писмена форма), особено за:

- Неисправен водомер (замрзнат, стопен, скршено стакло, оштетена пломба, механички оштетено куќиште и сл.),
- Промена на сопственоста,
- Приклучење на објектот (од стамбен во деловен и обратно).

Член 11

Корисникот на услугата е должен и со обврска дека навремено ќе ги плаќа месечните фактури (сметки) за извршената услуга-потрошени води и/или одведување на урбаните отпадни води.

Корисникот може во рок од 15 дена од приемот на сметката за извршената услуга да поднесе писмен приговор до давателот на услугата. Давателот на услугата е должен во рок од 30 дена од поднесениот приговор да се произнесе по приговорот (член 118 од Законот за заштита на потрошувачите).

Неплаќањето на фактури (сметки) и поднесувањето на приговор не го ослободува корисникот од обврската да го плаќа долгот на време.

Член 12

Ако корисникот на комуналната услуга редовно не ги плаќа обврските за давање на комуналната услуга, давателот на комуналната услуга ќе го прекине давањето на комуналната услуга. Прекинувањето на комуналната услуга ќе се изврши согласно член 18 став 2 Закон за комунални дејности "Службен весник на РСМ" бр.95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015 и 31/2016.Трошоците за прекинувањето од став 1 на овој член и повторно приклучување паѓаат на товар на корисникот.

Член 13

Овој Договор е склучен на денот кога е заверен од Давателот на услугата и истиот се склучува на неопределено време.

Измени и дополнувања на овој договор ќе се вршат со Анекс кои истиот.

Доколку корисникот не го потпише овој договор ќе му биде прекинато снабдувањето со вода за пиење и/или одведување на урбаните отпадни води.

Член 14

Со потпишување на овој договор Корисникот на услугата има договорна обврска да ги обезбеди за обработка личните податоци (ЕМБГ, име и презиме и адреса на живеење) заради остварување на правото на добивање на комунални услуги како и да дозволи користење на податоците во согласност на трети лица со кои давателот на услуги има склучено договор за размена на податоци а со цел ажурирање на наплатата на сметка, во согласност со Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на РС Македонија" бр.42/20).

Давателот на услугата има обврска по корисникот да му обезбеди информации за целите на обработка на личните податоци, како и правната основа за обработката, евентуалните интереси што ги спроведува контролорот која обработката е потребна за исполнување на договор каде корисникот е договорна страна и податоци за контакт со офицерот за заштита на лични податоци (dpo@vodovod-skopje.com.mk) .

Корисникот на услугата има право да побара од давателот на услугата, а во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето, да добие можност за исправка на неточните непотполни лични податоци, како и право да ги избрише неточните лични податоци.

Член 15

Во случај на спор за овој Договор надлежен е Основниот суд во Скопје.

Член 16

Овој Договор е составен во 2 (два) еднакви примероци, 1 (еден) за Давателот на услугата и 1 (еден) за Корисникот на услугата.

КОРИСНИК, М.П.
(давател на услугата)

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА
(давател на услугата)

* со наведување на телефонски број/и и е-пошта, корисникот се согласува да добива информации и други информации во врска со услугата

Договор за закуп:

ДОГОВОР ЗА ЗАКУП

Склучен на ден 05.04.2018 година во Скопје помеѓу

1. **ЗЕЌИР ЗЕЌИРИ од Скопје, со адреса и живеалиште на ул.Мак.Косов.Бригада 50 бр.23, Скопје со [redacted] и регистарски број на лична карта [redacted] издадена од МВР Скопје, како ЗАКУПОДАВАЧ**

2. **Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово, со [redacted], преку управител ЕМИН ЗЕЌИРИ од Скопје, со адреса и живеалиште на ул.Мак.Косов.Бригада 50 бр.23, со [redacted] и регистарски број на лична карта [redacted] издадена од МВР Скопје како ЗАКУПОПРИМАЧ.**

Член1

Закуподавачот е единствен и исклучителен сопственик на недвижност во Скопје и тоа
Според лист Б, со следните катастарски карактеристики
-КП 102, дел 1, викано место Камени Мост, култура гз/гиз, со површина од 2089 м2,
-КП 102, дел 1, викано место Камени Мост, култура гз/зпз1, класа 4, со површина од 347 м2,
-КП 102, дел 1, викано место Камени Мост, култура гз/зпз2, со површина од 102 м2,
-КП 102, дел 1, викано место Камени Мост, култура гз/зпз3, со површина од 7 м2,
Според Лист В, со следните катастарски карактеристики
-КП 102, дел 1, адреса ул.Камени Мост, бр.на зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат МА, број 1, намена ПП, со површина од 3м2,
-КП 102, дел 1, адреса ул.Камени Мост, бр.на зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат МА, број 1, намена ДП, со површина од 47м2,
-КП 102, дел 1, адреса ул.Камени Мост, бр.на зграда 1, намена на зграда Б4, влез 1, кат ПР, намена ДП, со површина од 306м2,
-КП 102, дел 1, адреса ул.Камени Мост, бр.на зграда 2, намена на зграда А5-4, намена на зграда А5-4, влез 1, кат ПР, број 1, намена П, со површина од 96м2,
-КП 102, дел 1, адреса ул.Камени Мост, бр.на зграда 3, намена на зграда А5-4, влез 1, кат ПР, број 1, намена П, со површина од 5м2, запишано на Имотен лист бр.**903 за КО Визбегово** издаден од АКН на РМ.

Член2

Закуподавачот му го издава под закуп на закупопримачот целиот недвижен имот – опишан во член 1 од Договорот.

Член3

Договорот за закуп на недвижниот имот се склучува за период од 15 (петнаесет) години почнувајќи од 05.04.2018.

Член 4

Закупнината за користењето на закупениот недвижен имот изнесува **1.000,00 (илјада) денари** кои закупопримачот ќе му ги исплаќа на закуподавачот месечно од 1ви до 15ти во

месецот. Договорните страни се согласни закупопримачот сам да поднесува даночна пријава во УЈП во законскиот рок и да ги подмирува даночните обврски по основ на овој Договор.

Член 5

Закупопримачот се обврзува да го одржува недвижниот имот - во исправна состојба, и во состојба во која се наоѓа во моментот на преземање на користење, а исто така се обврзува со недвижниот имот да постапува со внимание на добар домаќин, исто така се обврзува да ја плати штетата која би настанала од евентуално несовесно користење на предметот на закуп. Закупопримачот сам ќе си ги подмирува сите трошоци настанати по основ на сметки за струја, вода и други комунални давачки.

Член 6

Договорните страни се согласуваат, без посебна писмена согласност од закуподавачот, закупопримачот да може да врши доградби, надградби, да поставува инсталации на земјиштето и секакви други промени за што ќе се појави потреба во текот на користењето на земјиштето и објектот.

Член 7

Договорните страни се согласни закупопримачот да не го издава предметот на закуп во подзакуп и се согласува Договорот за закуп да се прибележи во Имотен лист и во случај на евентуална продажба на станот да ги извести купувачите за постоење на овој Договор.

Член 8

Странките можат да го раскинат Договорот предвремено со отказен рок од најмалку 1 (еден) месец со претходно писмено известување или со спогодба на двете договорни страни.

Член 9

Во случај на несогласување со одредбите од договорот странките ќе решаваат спогодбено а во случај на спор, надлежен е Основниот суд во Скопје.

Член 10

Овој договор е склучен во 2 (два) еднообразни примероци од кои еден примерок за договорните страни, еден примерок за службена употреба при заверка кај надлежен Нотар.

ЗАКУПОДАВАЧ **ЗАКУПОПРИМАЧ**

ЗЕКИР ЗЕЌИРИ

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово управител ЕМИН ЗЕЌИРИ

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје

4. Договор за одржување и сервисирање на инсталираните машини во производниот процес.

САНДЕВО ПРОМ ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ
Подружница "СП Инженеринг"

Жиро сметка број: 300000000268241
Депонентна банка: Комерцијална Банка АД Скопје
Даночен број: МК4030995130271

ДОГОВОР ЗА ТЕХНИЧКО ОДРЖУВАЊЕ НА МАШИНИ

Склучен на ден 07.08.2026 година во Скопје, помеѓу:

1. ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ПРОМЕТ И УСЛУГИ САНДЕВО ПРОМ ДООЕЛ со седиште на ул.2,бр 20, Сандево Скопје, со [redacted] и ЕМБ[redacted], застапувана од управителот Јовица Џепиј (во понатамошниот текст: Извршител , и

2. ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, И ОДГЛЕДУВАЊЕ ЖИВИНА ГОЛДЕН ЕГГ ДООЕЛ со седиште на с.Визбегово, Скопје , со Е[redacted] и ЕМБС [redacted] застапувана од управителот Емин Зејири (во понатамошниот текст: Корисник).

Член 1: Предмет на договорот

Предмет на овој Договор е вршење на услуги за редовно техничко одржување, превентивни прегледи и интеревентни поправки на машините во сопственост или користење на Корисникот.

Член 2: Обврски на Извршителот

Извршителот се обврзува:

- Да одговори на повик за дефект во рок од 48 часа од пријавувањето.
- Услугите да ги извршува стручно, квалитетно и со примена на современи технички методи.
- Да користи оригинални или соодветни резервни делови во согласност со спецификациите на производителот.

Член 3: Обврски на Корисникот

Корисникот се обврзува:

- Да му овозможи на Извршителот непречен пристап до машините и просториите каде што се наоѓаат тие.
- Правилно да ракува со машините согласно упатствата за работа.

- Навремено да ги пријавува сите воочени неправилности во работата на машините.
- Да ги подмирува финансиските обврски дефинирани со овој Договор.

Член 4: Цена и начин на плаќање

Плаќањето ќе се врши врз основа на фактура издадена од Извршителот, во рок од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

Член 5: Времетраење на договорот

Овој договор се склучува на определено време 1 година почнувајќи од денот на неговото потпишување.
Секоја од договорните страни може да го раскине договорот со писмено известување и со отказен рок од 30 дена.

Член 6: Завршни одредби

За сè што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи на Република Македонија.
Евентуалните спорови договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно, надлежен ќе биде Основниот суд во Скопје.
Овој Договор е сочинат во 4 (четири) еднакви примероци, по 2 (два)] за секоја страна.

Договорни страни:

За Корисникот:
ДПОЖ ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ

За Извршителот :
ДППУ САНДЕВО ПРОМ ДООЕЛ

5. Да се достави детален опис (тип и колична) на механизацијата, информација за начинот на сервисирање на целокупната механизација.

Во рамките на производствениот процес на фармата за кокошки несилки е инсталирана современа, автоматизирана опрема во сите штали:

- Автоматизиран систем за изѓубрување: Се состои од надолжни ленти за собирање измет под кафезите во секоја од шталите, лента за попречно изѓубрување која го транспортира отпадот надвор од објектите во бетонски јами, како и кос транспортер за изѓубрување наменет за утовар во транспортни средства.
- Автоматизиран систем за хранење и напојување: Целосно автоматизирани линии и системи за дистрибуција на храна и вода инсталирани во производствените објекти (шталите).
- Систем за вентилација: Индустриски вентилатори и придружна опрема инсталирана во објектите заради постојана контрола на микроклиматските услови.
- Комора за замрзнување: 1 (една) разладна комора поставена во рамки на магацинскиот простор, наменета за привремено складирање и замрзнување на угинатата живина пред нејзин транспорт.
- Дизел генератор (агрегат на нафта): 1 (еден) стационарен агрегат на погон на дизел гориво (нафта), кој служи како резервен систем за напојување со електрична енергија во случај на прекин во главната мрежа. Подлежи на редовни проверки на нивото на масло и гориво од страна на вработените, додека периодичното сервисирање (замена на филтри за нафта, филтри за масло и моторно масло) го врши овластен домашен сервис за енергетска опрема по потреба.
- Транспортно возило (комбе): 1 (едно) лесно комерцијално возило – комбе, наменето исклучиво за безбеден и хигиенски транспорт на произведените јајца од фармата до пазарот / купувачите. Редовното техничко одржување, замена на потрошни делови (масло, филтри, кочници) и сите потребни сервиси се извршуваат во овластен локален автосервис во Скопје.

Се врши редовно, превентивно и континуирано одржување на опремата и механизацијата од страна на обучени вработени лица во фармата. Тоа опфаќа секојдневна проверка на опремата, подмачкување на преносните механизми, затегнување на спојките (штрафови), како и замена на потрошни материјали (лагери и редуктори) со нови фабрички резервни делови набавени директно од производителот на опремата од Р. Турција. Генерално и интервентно сервисирање: За посложени дефекти (како замена на поголеми електрични електромотори или дефекти на автоматиката), сервисирањето го врши овластен стручен тим / сервисери испратени од партнерската компанија од Р. Турција.

6. Да се достават дозволи и лиценци со постапувачите на отпад, односно доказ дека истите поседуваат дозвола за собирање, складирање и третман на соодветниот тип на отпад.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 11-3697/4
14-08-2025 20__ год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Управата за животна средина, постапувајќи по барањето со бр. 11-3697, за добивање на дозвола за вршење на дејност за управување со отпад, поднесено од страна на правниот субјект ДППЗСП Вардар АД Градско, на 10.07.2025 година, издаде:

ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА

ДЕЈНОСТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД (Собирање и транспорт на неопасен отпад)

- Назив на носителот на дозволата: ДППЗСП Вардар АД Градско
- Седиште: ул. Автопат бр. 4 Градско, Градско
- Назив и адреса на подружница/локација/општина_____
- Единствен даночен број (ЕДБ) 4004989100882
- Број на решение за издавање на дозволата: 11-3697
- Датум на издавање на дозволата: 10.07. 2025 година
- Важење на дозволата до: 09.07. 2035 година

М.П.

Управа за животна средина
в.д. Директор
Игор Никоски

Заклучок

Во Глава XII, Програма за подобрување, потребно е да се дополни барањето со следните податоци:

- Потребно е дополнување на предлог програмата за подобрување согласно приложена табела во прилог 1.

Одговор:

Табела: ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Ознака	Мерка	Датум на завршување
1.1	**Активност бр. 1** **Опис на активноста:** Енергетска ефикасност - ЛЕД модернизација (Замена на комплетното постојно осветлување во сите објекти со високо-ефикасни LED светилки) Живинарската фарма троши значителни количини електрична енергија за вештачко осветлување на несилките (светлосен програм) и за вентилација. Со воведувањето на ЛЕД технологијата и фреквентните регулатори, потрошувачката на енергија ќе се намали за околу 25%, со што директно се влијае на намалување на индиректните емисии на стаклснички гасови. **Предвиденадата за почеток на реализацијата:** 15.09.2026 **Вредност на инвестицијата:** 40.000 денари	15.11.2026
1.2	**Активност бр. 2** **Опис на активноста:** Озеленување на кругот на инсталацијата (Подигнување на зелен појас со високостеблести дрвја околу оградата за заштита од ветер, миризби и бучава) Локацијата во с. Визбегово бара естетско и функционално интегрирање во околината. Предвидениот зелен појас (вегетативна бариера) по должината на границата на парцелата ќе служи како природен филтер кој ќе го намали разлетувањето на ситната прашина, ќе ги апсорбира специфичните мириси од живината и значително ќе ги ублажи емисиите на бучава од вентилаторите кон надворешната средина. **Предвидена дата за почеток на реализацијата:** 01.04.2027 **Вредност на инвестицијата:** 30.000 денари	01.06.2027
1.3	**Активност бр. 3** **Опис на активноста:** Воведување на стандард ISO 14001:2015 (Систем за управување со животна средина - подготовка, обука и сертификација) Со цел воспоставување на меѓународен систем на следливост, операторот ќе ангажира консултантска куќа за изработка на процедури за идентификација на аспектите на животна средина. Процесот ќе резултира со официјална сертификација, што ќе гарантира дека секој вработен во фармата е целосно запознаен со управувањето со ресурсите и отпадот. **Предвидена дата за почеток на реализацијата:** 01.10.2026 **Вредност на инвестицијата:** 100.000 денари	30.06.2027
1.4	**Активност бр. 4**	15.08.2026

	Опис на активноста: Поставување визуелни упатства за штедење ресурси Лепење ознаки/налепници за задолжително гасење светла и затворање вода до чешмите и во хангарите **Предвидена дата за почеток на реализацијата:** 01.08.2026 **Вредност на инвестицијата:** 500 денари	
1.5	**Активност бр. 5** **Опис на активноста:** Инсталација на фреквентни регулатори на вентилацијата Воведување автоматизирано менаџирање со вентилаторите за заштеда на енергија **Предвидена дата за почеток на реализацијата:** 01.03.2027 **Вредност на инвестицијата:** 45000 денари	30.04.2027

Прилог 1 Заклучок за задолжување за доставување податоци

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 97 став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), а во врска со член 122 став (4) од Законот за животната средина, постапувајќи по Барањето бр.17-3871/1 од 25.03.2026 година на Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје, со седиште на ул.„1552" бр.70 Визбегово, Општина Бутел, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

З А К Л У Ч О К

1. Се задолжува Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје, со седиште на ул."1552„ бр.70 Визбегово, Општина Бутел, **да ги достави следните податоци:**

•Во Глава IV. Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата, потребно е да се дополни Барањето со следните податоци:

- Да се образложи начинот и местото на полнење на механизацијата со нафта и доколку истата се складира на локацијата, да се објаснат начинот и условите на складирањето, како и достави договор со фирма од која се набавува нафтениот дериват.

• Во Глава V. Цврст и течен отпад, потребно е да се дополни Барањето со следните податоци:

- Договор за собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад склучен со ЈП Комунална хигиена Скопје, како овластен постапувач со овој вид отпад на подрачјето на град Скопје.

- Дозвола за собирање и транспорт на прехрамбени стоки (отпад од животинско потекло), издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

- Договор за снабдување на вода и одведување на урбани отпадни води со ЈП Водовод и канализација, со седиште на ул.„1552" бр бр.70 Визбегово, Општина Бутел.

- Договор за одржување и сервисирање на инсталираните машини во производниот процес.

- Да се достави детален опис (тип и количина) на механизацијата, информација за начинот на сервисирање на целокупната механизација.

- Да се достават дозволи и лиценци со постапувачите на отпад, односно доказ дека истите поседуваат дозвола за собирање, складирање и третман на соодветниот тип на отпад.

•Во Глава XII. Програма за подобрување, потребно е да се дополни Барањето со следните податоци:

- Потребно е дополнување на предлог Програмата за подобрување согласно приложената табела.

Табела: ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ		
Ознака	Мерка	Датум на завршување
	Активност бр.1 Опис на активноста: Предвидена дата за почеток на реализацијата: Вредност на инвестицијата:	
	Активност бр.2 Опис на активноста: Предвидена дата за почеток на реализацијата: Вредност на инвестицијата:	

Податоците кои ќе се достават како одговор на овој заклучок потребно е да бидат доставени во форма на допис (не во форма на целосно барање) и да реферираат на соодветниот архивски број на овој заклучок. Во дописот детално да се образложат сите глави и целосно да се пополнат табелите, како и да содржи додаток од прилози во кој ќе биде опфатена целокупната потребна документација (како што се картографски прикази, мапи, скици, договори, дозволи и сл.) согласно Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија" бр.112/14 и 42/16).

2. Бараните податоци да се достават во рок од **30 дена** од денот на приемот на заклучокот, целосно и комплетно, во три(3) печатени примероци и еден(1) во електронска форма која може да се превземе.

3. Непостапувањето по точките 1) и 2) од овој заклучок повлекува отфрлање на Барањето како некомплетно.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје, со седиште на ул."1552, бр.70 Визбегово, Општина Бутел, поднесе Барање бр.17-3871/1 од 25.03.2026 година за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Операторот се занимава со интезивно живинарство , со капацитет од 5.000 до 40.000 места за живина, за која активност е задолжително прибавување на Б-интегрирана еколошка дозвола согласно Прилог 2 точка 6 од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и

временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на Република Македонија" бр.89/05).

Градоначалникот на Град Скопје е надлежен орган за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 95 и 123 став (1) од Законот за животната средина (понатаму: Законот). Согласно член 124 од Законот, за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола операторот поднесува барање до надлежниот орган, а формата и содржината на барањето, начинот на кој се поднесува барањето и потребната документација која се приложува кон истото е пропишана во Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија" бр.112/14 и 42/16).

Постапката за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола е регулирана во Глава XII точка 2 од Законот. Согласно член 122 став (4) од Законот, доколку поинаку не е регулирано во Главата XII точка 2 од овој Закон, во постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, соодветно се применуваат одредбите за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола од Главата XII точка 1 од овој Закон.

По разгледување на доставеното Барање, надлежниот орган утврди дека истото не е изработено согласно член 124 од Законот и членовите 3 и 4 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Согласно член 97 став (1) од Законот во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од членот 96 на овој Закон, органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, со заклучок определува кои од податоците наведени во прописот од членот 96 став (2) на овој Закон треба да се дополни барањето и во зависност од видот на недостатоците и достапноста на податоците, определува рок за дополнување на барањето кој не може да биде пократок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот.

Согласно член 97 став (3) од Законот, доколку барателот не постапи во согласност со заклучокот од ставот (1) на овој член, органот на државната управа со решение го отфрла барањето како некомплетно.

Надлежниот орган постапувајќи по предметното Барање, со цел утврдување, врз основа на целосно Барање, дали влијанието на инсталацијата на операторот врз животната средина е во рамки на пропишаните граници и вредности за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, утврди дека доставеното Барање е некомплетно и треба да се дополни со податоците од точка 1) од овој заклучок, заради што одлучи како во диспозитивот на истиот.

Бр.08-3871/5

Скопје, 10.07.2025

Изготвил:
Оливера Николовска Савиќ
Контролирал:
Ирина Шентевска Арнаудиева
Согласен:
Соња Цветковиќ Чолакова
Одобрил:
Мирјана Јорданова

Градоначалник на Град Скопје
Орце Горгиевски